РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11- 1535/2
24-07-2025 2025
Скопје

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
Ул.„Филип Втори Македонски„ бр.11
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

**Врска:** Ваш број 14-938/2 од 06.05.2025 година

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 15.05.2025 година од страна на Министерството за дигитална трансформација доставено е барање на мислење по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги бр. 14-938/2 од 06.05.2025 година.

По разгледување на доставениот предлог-текст од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (“Службен весник на Република Македонија” бр.12/19) Државната комисија го дава следното

Воедно, оваа терминологија ја применува предлагачот при дефинирање на изразот „податоци за идентификација на лица„ во точка 8) од овој член, а истата се користи и во Измените на Регулативата (ЕУ) бр.910/2014 во член 3 точка (1) и (4).
Оттука, во насока на законско-правна кохерентност и усогласување на законскиот текст, се препорачува горенаведеното.

2. При извршената анализа на предложениот текст, се констатира дека со повеќе одредби му се дава право на министерот одредени прашања да ги уреди со правилник.
Ова е пропишано со член 5 од Предлог законот со кој се додаваат повеќе нови члена:
- член 20-а „Прекугранично впарување на идентитет„ став (2) со кој се пропишува министерот да утврдува листа на референтни стандарди, спецификации и процедури со донесување на правилник.
-член 20-ѕ „Регистар на засегнати страни„, став (10) со кој се пропишува дека формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за упис, потребната документација, образецот на барањето, начин, форма на водење на Регистар ја пропишува министерот со правилник.
- став (11) од член 20-ѕ со кој се уредуваат техничките спецификации и процедурите за спроведување на постапката за автентикација и валидација на податоците за лична идентификација и електронската потврда на атрибути, како и употребата на псевдоними.
-член 20-и „Сертификација на дигитални паричници„ став (7) со кој се пропишува дека министерот ќе утврдува листа на референтни стандарди, спецификации и процедури за сертификација на дигитален паричник
-член 20-ј „Листа на сертифицирани дигитални паричници" став (6) со кој му се дава вакво право на министерот при уредување на формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за упис, потребна документација, образец.
Дополнително ова е пропишано и во член 8 од Предлогот на закон со кој во член 25 став (1) точка 8 се додава нова точка 9) која гласи: „спроведува задолжителни консултации со јавноста пред донесување на подзаконските акти определени со овој закон.„.
Државната комисија цени дека регулаторен ризик претставува можноста одредени прашања со подзаконски акт да ги уреди министерот, во случај кога во законот не се определени ниту општите критериуми. Ако се има предвид дека материјата што се уредува е поширока и динамична, се чини дека е оправдано што законодавецот дава ваква можност, но притоа е потребно во законот да се определи општа рамка, односно да бидат утврдени барем општи критериуми, по што истите поблиску ќе се доуредат со подзаконски акт. На овој начин ќе се ограничи дискреционото право на

да се отстрани доколку предложениот законски текст на пример се дополни дека „сертификацијата престанува да важи со одлука на надлежното тело„.
Во оваа смисла се зема предвид и Регулативата (ЕУ) 2024/1183 на Европскиот парламент и на Советот член 5в точка 4 согласно која во случај кога ранливоста е идентификувана и не е отстранета навремено, сертификацијата се откажува.

6. Во **член 19** од Предлогот на законот во ставот (1) пропишано е дека:
„Овој закон влегува во сила во рок од 8 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија„, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година.„.
Додека пак во член 21, исто така од Предлогот на законот пропишано е дека:
„Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник, а ќе започне да се применува од 1 јуни 2026 година.„.
Од наведеното произлегува дека со преодните и завршни одредби пропишани се два различни рока од кога ќе започне да се применува Законот и тоа 1 јануари 2027 година и 1 јуни 2026 година, што укажува дека меѓу нив нема синхронизираност и поврзаност за да се толкуваат како една целина.
Овој недостатокот дава можност за различна примена од страна на ентитетите кои се опфатени со овој закон, правна несигурност и потенцијална можност да се наруши начелото на владеење на правото.
Заради наведеното неопходно е овој регулаторен ризик да се отстрани, а доколку предлагачот имал намера да ја одложи примената на одредени одредби заради оправдани околности, се препорачува во оваа смисла да доуреди.

Со цел да се минимизираат ризиците од корупција и судир на интереси кои може да резултираат со примена на предложениот закон, од аспект на примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија за спречување на корупцијата го доставува предметното мислење.

Заменик претседател,

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил, Д.Д.,советник
Проверил: А.С., раководител на одделение
Контролирал: Б.В.Б., помошник раководител на сектор
Одобрил: М.К., раководител на сектор